*Рина КИРКОВА*

***УДК: 327(100-622 НАТО:477)***
***327.51:327.56(100-622НАТО:470)***
Прегледен труд

# УКРАИНА ПОМЕЃУ НАТО И РУСИЈА

***Кратка содржина:***

*Во изминатите две децении Украина значително ги продлабочи односите со НАТО. По заземање на Крим и поттикнување конфликт во источниот украински регион наДонбас во 2014 година од страна на Русија, интересот за влез во НАТО од страна на Украина особено се засили. Според анкетите на јавното мислење во Украина, членството во Алијансата е критично за безбедноста на државата. Од друга страна пак, понатамошното проширување на НАТО на исток, Русија го прикажува како главна закана по нејзината национална безбедност. Моменталните случувања на теренот и тековната војна помеѓу Украина и Русија ќе влијае на ставот на НАТО кон перспективите за членство на Украина во Алијансата. Потенцијалот за понатамошна ескалација на војната во Украина е значаен, иако поголема е веројатноста војната да се разгори и насочи кон украинските сили и цивилното население, но и веројатноста за вклучување во конфликтот од страна на западните сојузници е сè поизвесна. Украинските власти ќе мора да ги ограничат своите очекувања за членство во НАТО и да се фокусираат на максималната соработка соАлијансата.*

***Клучни зборови:*** *конфликт, меѓународна безбедност, НАТО, закана.*

**Вовед**

По отцепувањето од СССР во 1991 година, Украина е во постојана врска и градење на добри односи со западните сојузници. Ова подразбира соработка со институции како НАТО, со кое Украина воспостави лојално партнерство. Интересот да стане членка на Алијансата се зголеми после руската агресија и анексија на Крим во 2014 година, гледајќи на НАТО како средство за заштита на суверенитет и територијален интегритет на Украина.

И покрај актуелниот конфликт и воената агресијата на Русија и окупирање на украинска територија, Киев ја прошири својата практична соработка со НАТО. На 2 март 2022 година, Генералното собрание на ОН, со 141 глас „ЗА" ја поддржа резолуцијата за осуда на руската инвазија на Украина и повика на итно повлекување на руските сили, нагласувајќи ја сѐ позасилената изолација на Русија на глобално ниво. Само пет држави - Белорусија, Северна Кореја, Еритреја, Сирија и Русија се спротивставија. Ова гласање беше позитивен сигнал за Украина и нејзините западни сојузници, кои во текот на целата криза тврдеа дека дејствијата на Русија не се само предизвик за европската безбедност, туку и на глобално ниво ги предизвикуваат принципите на суверенитет и неупотреба на сила содржани во Повелбата на ОН.

По отцепувањето и независноста во 1991 година, Украина го започна процесот на формирање позитивни односи со западните земји и институции. Во декември 1991 година, Украина стана членка на Северноатлантскиот совет за соработка, формиран за да ја поттикне соработката меѓу НАТО и поранешните советски држави. Во јануари 1994 година, Украина стана четвртата земја што се приклучи на Партнерството за мир, кое НАТО го воспостави за да развие индивидуални односи помеѓу Алијансата и заинтересираните земји насочени кон зајакнување на мирот ибезбедноста во Европа.

Во 1994 и 1995 година НАТО го разгледуваше прашањето за проширувањето. Поранешните членки на Варшавскиот пактбараа членство во НАТО и на тој начин, се градеше една нова безбедносна архитектура во целиот евроатлантски простор. Целта беше да се обезбеди зголемена стабилност и безбедност за сите во евроатлантската област, градејќи слободна и обединета Европа. (NATO, 1995)

Во периодот додека траеше проширувањето на НАТО, кај украинската влада постоеше незадоволство и загриженост за местото на нивната земја во идната европска безбедносна архитектура. Алијансата, паралелно се проширувањето и градењето кооперативни односи со Русија, ја јакнеше и соработката со Украина.(PIfer, 2017)

Од страна на Русија немаше сигнали за кооперативен однос, а посебно по проширувањето на НАТО во 1999 година и2004 година, вклучувајќи го и приемот на трите балтички држави. Москва јасно го изрази својот негативен став за какво било понатамошно проширување на

НАТО, изјавувајќи дека ќе се спротивстави на секој обидза приклучување во НАТО на поранешна советска држава. Јасно беше дека Русија е незадоволна од безбедносната архитектура којашто еволуираше во текот на изминатите три децении, особено со проширувањето наНАТО и ЕУ. Овие случувања од страна на Русија беа протолкувани како непријателски за руските интереси, како воена закана, игнорирајќи гонамалувањето на бројот на сојузнички сили и чекорите коишто Алијансата ги презеде за да ги намали причините за нарушување на односите. НАТО јасно стави до знаење дека нема намера и причина да распореди нуклеарно оружје на територијата на новите членки, а мисиите за колективна одбрана ќе ги реализира без дополнување со нови сили.(NATO,1997)

Во 2014 година НАТО почна да распоредува свои сили во Полска и балтичките држави. Причина беше почетокот на Руско-Украинскиот конфликт. Според изјавите на руските лидери со ова се нарушуваат односите НАТО-Русија, загриженоста е голема и нарушена е сферата на руско влијание во постсоветските држави.(Kramer, 2008) Целта на Русија е да ја дестабилизира Украина, да ѝ оневозможи да биде западно ориентирана држава која ќе биде дел од западната безбедносна архитектура, сметајќи ја како егзистенцијална закана за рускиот систем, при што дополнително ќе го промени балансот НАТО-Русија на штета на Русија.

По немирите на Мајдан, во 2014 година, во кои загинаа околу 100 лица, тогашниот претседател на Украина, Јанукович побегна од Киев. Веднаш беше назначен привремен претседател и вршител на должноста премиер, чиј приоритет беше да го потпише договорот за асоцијација со ЕУ. Набргу потоа, руските воени сили го заземедоа Крим, започна конфликтот во Донбас, а властите во Украина интензивно размислуваа за членство во НАТО. Следуваше регулирање на соработката помеѓу НАТО и Украина, преку усвојување на годишни национални програми за поставување на областите на соработка и реформите што Украина ќе ги спроведе за усогласување со стандардите на НАТО. Со цел подобрување на интероперабилноста помеѓу воените сили на Украина и НАТО, преку работни групи беа воспоставени фондови заподдршка на одбраната, вонредни состојби, командувањето, комуникациите и кибербезбедноста.

Со помош од Алијансата, украинските вооружени сили учествуваа во различни операции предводени од НАТО, почнувајќи со операции за поддршка на мирот во средината на 1990-тите во Босна и Херцеговина. Оттогаш, Украина е меѓу најактивните партнери, придонесувајќи украиски воен персонал да биде под команда на НАТО во Авганистан, Ирак и во операцијатаАктивен напор. Украина стана првиот партнер што учествуваше во постојаните сили за брза реакција на НАТО, со свои единици за стратешки воздушен транспорт.

Украина во јуни 2020 година стана дел од програмата Партнерство за зголемени можности на Алијансата. Програмата има за цел да ја продлабочи соработката со избраните партнери кои учествувале во

мисиите предводени од НАТО во минатото и сакаат да ја подобрат нивната интероперабилност со силите на Алијансата. (NATO, 2020) Политичките елити во Украина се посветени за приближување кон НАТО, а руската агресија дополнително го зацврсти овој став. Мнозинството Украинци ја сметаат целосната интеграција во европските и евроатлантските институции како единствен сигурен гарант за безбедноста на нивната земја.

Внесувањето на Украина во НАТО е во интерес на Алијансата, односно на поголем број од членките на Алијансата. Границата на НАТО би се поместила источно, а тоа ќе го намали притисокот на Полска и Романија, исто така на Алијансата ќе ѝ овозможи дополнителни воени капацитети со проширена зона на безбедност и стабилност и зајакнато присуството на НАТО во регионот на Црното Море. Сепак тука има и сериозен проблем, а тоа е Русија. Постои мала веројатност во Алијансата да се обезбеди консензус за влез на Украина во НАТО, бидејќиприемот на Украина во НАТО под сегашните околности веднаш ќе го активира прашањето од член 5 од Договорот. Според членот 5 од Северноатлантскиот договор сите членки се согласуваат дека вооружениот напад врз една или повеќе од нив без разлика дали е во Европа или во Северна Америка ќе се смета за напад против сите нив. Според Договорот секој сојузник ќе ѝ помогне на нападнатата членка со преземање дејствија што ќе ги смета за неопходни, вклучително и употреба на вооружена сила. (NATO, 1949) Овој член од Договорот би претставувал главоболка за некои од НАТО-државите како Унгарија и Турција, но истовремено држави како Шпанија Португалија или Словенија и Хрватска немаат интерес по автоматизам да се најдат во војна со Русија.

**Соработката помеѓу НАТО и Украина**

Силна и независна Украина е од витално значење за стабилноста на евроатлантските сојузници. Односите помеѓу НАТО и Украина датираат уште од 1990-тите години на минатиот век и оттогаш се развиваат во едно од најсуштинските партнерства на НАТО. Од 2014 година, по руската анексија на Крим, соработката е интензивирана во специфичниобласти, а со почетокот на инвазијата во 2022 година, НАТО и сојузниците обезбедија неколку нивоа на поддршка.

Дијалогот и соработката започна во 1991 година, кога независна Украина се приклучи на Северноатлантскиот совет за соработка, а подоцна во 1994 година и на програмата Партнерство за мир. Дополнително, овие односи беа зајакнати со потпишувањето на Повелбата за посебно партнерство од 1997 година, со која беше формирана комисија за унапредување на соработката. (Schmies, 2021)

Од 2009 година, се надгледува процесот на евроатлантска интеграција на Украина, вклучувајќи ги реформите во рамките на Годишната национална програма.Соработката се продлабочи со текот на времето и е заемно корисна, при што Украина активно придонесува

во операциите и мисиите предводени од НАТО.Приоритет е даден на поддршката за сеопфатни реформи во безбедносниот и одбранбениот сектор, што е од витално значење за демократскиот развој на Украина и за зајакнување на нејзината одбранбена способност.

Од Самитот на НАТО во Варшава во јули 2016 година, практичната поддршка на НАТО за Украина е утврдена во Сеопфатниот пакет за помош за Украина.Во јуни 2017 година, украинскиот парламент усвои закон со кој членството во НАТО е стратешка цел на надворешната и безбедносната политика, а во 2019 година, стапи на сила соодветниот амандман во Уставот на Украина.Во септември 2020 година, претседателот Володимир Зеленски ја одобри новата Стратегија за национална безбедност на Украина, која предвидува развој на партнерството со НАТО, а како крајна цел е зачленување во Алијансата.

Како одговор на руската анексија на Крим, од 2014 година НАТО ја зајакна својата поддршка за развој и градење на капацитетите во Украина. Сојузниците едногласно ја осудија и не ја признаваат нелегалната и нелегитимна анексија на Крим од страна на Русија и нејзините дестабилизирачки и агресивни активности во источна Украина и регионот на Црното Море. НАТО го зголеми своето присуство во Црното Море и ја засили поморската соработка со Украина и Грузија. Но истовремено небеа направени никакви напори за имплементирање на минските договори, како што објаснува Синди Витке тие беа неуспешни и осудени на неуспех. (Wittke, 2019)

НАТО најостро ја осуди руската агресивна војна против Украина инелегалниот обид преку референдумите да анектира четири региони на Украина - Доњецк, Луганск, Херсон и Запорожје. Тоа сериозно ја поткопа меѓународната безбедност и стабилност. НАТО и сите негови сојузници ја повикуваа Русија веднаш да ја прекине војната, да ги повлече сите свои сили од Украина и да се започне со дипломатски активности. Алијансата јасно се изјасни дека е на страна на Украина притоа континуирано дава максимална поддршка за зачувување на територијалниот интегритет и суверенитет на Украина во нејзините меѓународно признати граници.

Паралелно со својата политичка поддршка, НАТО значително ја засили и практичната помош за Украина. Веднаш по нелегалната и нелегитимна анексија на Крим од страна на Русија во 2014 година, министрите за надворешни работи на НАТО се согласија за преземање на мерки за зајакнување на способноста на Украина да ја зајакне сопствената безбедност. Тие, исто така, одлучија дополнително да ја развиваат својата практична поддршка за Украина, врз основа на значително подобрување на постоечките програми за соработка, како и развој на нови програми. На Самитот на НАТО во Варшава во 2016 година, мерките на Алијансата за поддршка на Украина станаа дел од Пакетот за сеопфатна помош, кој е дизајниран да ја поддржи способноста на Украина да обезбеди сопствена безбедност и да спроведе широки реформи засновани на стандардите на

НАТО. НАТО со години и помага на Украина да го трансформира својот безбедносен и одбранбен сектор, обезбедувајќи совети на стратешко ниво преку Претставништвото на НАТО во Украина и практична поддршка преку низа програми и иницијативи за градење капацитети. Преку овие програми и совети, НАТО значително ги зајакна капацитетите и издржливоста на безбедносниот и одбранбениот сектор на Украина, како и неговата способност да се спротивстави на хибридните закани. Алијансата, исто така, обезбеди голема поддршка за развој на способности, вклучително и преку обука, образование и обезбедување опрема.

На Самитот на НАТО во Мадрид во 2022 година, сојузниците се согласија да обезбедат уште поголема поддршка за Украина. Тука се вклучени иницијативи за обезбедување на Украина со итна, краткорочна, воена помош, како и структури за зајакнување на долгорочната поддршка на НАТО. НАТО испорача проекти кои обезбедуваат поддршка во повеќе области, вклучувајќи: борбени оброци, гориво (вклучувајќи авионско гориво), армиски чизми, медицински материјали (вклучувајќи комплети за прва помош и фармацевтски производи), опрема за воена обука, опрема за отстранување експлозивни убојни средства и опрема за борба против дронови. Дополнителни проекти се во различни фази на развој и имплементација, вклучувајќиподдршка на Украина во областа на C4 (командување, контрола, комуникации и компјутери). На подолг рок, Алијансата работи на поддршка на напорите на Украина на нејзиниот реформски пат.Тоа ќе се реализира со иницијативи за понатамошно зајакнување и модернизација на одбранбените и безбедносните институции на Украина, преку премин од опрема од советската ера кон модерна опрема и стандарди на НАТО, зголемувајќи ја интероперабилноста со сојузничките сили.

Паралелно, сојузниците на НАТО значително ја зајакнаа својата билатерална поддршка и обезбедување на оружје, опрема и обука, помагајќи ѝ на Украина да го одржи своето право на самоодбрана, кое е вградено во Повелбата на Обединетите нации. Сојузниците, исто така, обезбедуваат значителна финансиска и хуманитарна помош, вклучително и со сместување на милиони бегалци во земјите низ Алијансата. Сојузниците на НАТО се согласија да ја засилат и да ја одржат својата поддршка онолку долго колку што е потребно, за да на крај Украинапобедиво оваа војна.

Поддршката на НАТО за Украина и активностите во партнерство со земјата не започнаа во 2014 или во 2022 година - практичната соработка меѓу НАТО и Украина трае од 1990-тите. Со текот на годините, соработката на Украина со НАТО беше заемно корисна и опфати широк спектар на активности - од градење на капацитетите на Украина и интероперабилноста со силите на НАТО, до промовирање реформи во украинскиот одбранбен и безбедносен сектор, до поддршка на невоени активности како соработка во научни истражувања и јавната дипломатија.Соработката на НАТО и Украина во областа на реформите во одбранбениот и безбедносниот

сектор е пообемна отколку со која било друга земја партнер. Заедничката работна група НАТО-Украина за одбранбени реформи е основана во 1998 година под покровителство на Комисијата НАТО-Украина. Таа спроведува иницијативи во областа на цивилно-воените односи, демократскиот надзор и цивилното управување со вооружените сили и другите агенции од безбедносниот сектор, планирањето на одбраната, развојот на политиката, стратегијата и концепти за национална безбедност. Оваа работна група ѝ овозможува на Украина да го искористи значителното искуство и експертиза на сојузничките земји и служи како алатка преку која сојузниците можат да ја канализираат помошта. Таа, исто така, обезбедува институционална основа за соработка на НАТО со министерствата и агенциите ангажирани во спроведувањето на реформите во одбранбениот и безбедносниот сектор во Украина. Тука спаѓаат Советот за национална безбедност и одбрана, министерствата за надворешни работи и одбрана, Националната гарда, граничната служба, службата за безбедност на Украина, Врховната Рада (украинскиот парламент) и други.

**Односи НАТО-Русија**

Со новата европска архитектура создадена по 1991 година, намерата на НАТО беше да се започне со изградба на нов европски одбранбен систем, со вклучување на нови европски држави, трансатлантската врска преку која безбедноста на Северна Америка е трајно врзана за безбедноста на Европа. Улогата на НАТО беше потврдена и директно поврзано со безбедноста на трансатлантската заедница која се соочуваше со нов светски поредок и нови закани и предизвици. Дополнителен предизвик за Алијансата претставуваше отворањето на вратата за државите од источна Европа, поранешните советски земји, но и за Русија. НАТО имаше мандат да го одврати подемот на милитантниот национализам и да обезбеди основа за колективната безбедност преку адекватен процес надемократизација на нови независни европски држави. За време на процесот на распаѓање на поранешна Југославија кој беше проследен со војна, НАТО имаше улога да ги поддржи напорите на Обединетите нации, да обезбеди мерки за управување со кризи, со цел да се стави крај на конфликтите. Беше јасно дека светот по Студената војна ќе биде извор за појава на нови нестабилни држави и региони, кои влијаат на европската безбедност со можност за пренесување на конфликтите. Во своите обиди да се спротивстави и да ги превенира новите закани и предизвици, Северноатланската алијанса стана сојуз кој промовира демократски вредности и принципи, кои во тоа време беа многу потребни за европскиот континент.

Односите НАТО-Русија беа основата на новата структура на евроатлантската безбедност, анејзиното воспоставување подразбираше активно руско учество. (Morrison, 1995) Во Стратешкиот концепт на Алијансата е истакнато дека „Русија игра единствена улога во

евроатлантската безбедност“. (NATO, 1999) Тука е нагласено дека потребно е да се обезбеди проширување на НАТО без конфликти, Русија да се помири со украинската независност и секако да биде моќен фактор на стабилноство Европа.Русија спаѓа во зоната на интереси на НАТО, во однос на тоа да се избегне појава на нов конфликт, да го зачува мирот во Европа и суштински да го намали арсеналот на нуклеарно и конвенционално вооружување.

Политичките интереси на НАТО во однос на Русија се поврзани со нејзината внатрешна демократска трансформација. (Kugler, 1996) Со демократската трансформација на Русија ќе се намалат нејзините империјалистички амбиции и ќе се обезбеди стабилност на целиот поранешен советски простор. Односите на НАТО со земјите од поранешниот советски простор требаше да се градат,но предвид да бидат земени и интересите на Русија. Меѓутоа, се докажа декадемократските реформи во Русија не беа во насока на очекувањата на западноевропски држави како и САД, па политиката на соработка НАТО-Русија се покажа за неодржлива. Па така од сорботката, највисоко издигната во времето по 11 септември и воената кампања против талибанскиот режим во Авганистан, полека по Ирак, но доминантно по интервенцијата на Русија во Грузија и одбраната на режимот на Башар ел Асад во Сирија, односите НАТО-Русија преминаа во ривалски односи. Кулминацијата следуваше во 2014 година со протестите на Мајдан и промената на власт во Украина.

Ако главната цел на односите на соработка Русија-НАТО беше долгорочното одржување на мирот во Европа, тогаш главната цел на специјалните односи меѓу Украина и НАТО беше интеграцијата на Украина во Европа и евроатлантската безбедносна структура, како полноправна членка на НАТО, што беше неприфатливо за Русија.

Обврските што Русија ги презеде според договорот од Минск за завршување на војната во Донбас не беа исполнети, но не беа исполнети ниту обврските кои ги презеде Украина. (Sindy Wittke, 2019)

Може да се каже дека НАТОсојузниците од 1990-тите години правеа напори Русија да биде земја партнер на НАТО и сојузник. Русија од друга страна, на штета на некои нејзини интереси премолчно се согласуваше со политиката на НАТО-алијансата (Либија). Сепак, украинската криза започната од 2014 година ги заоструваше односите меѓу Русија и НАТО до точка во која од потенцијални сојузници преминаа во непријатели. Согласно со реториката на официјалните претставници на НАТО се врати безбедносната парадигма од времето на Студената војна кога за најголема безбедносна закана по европските држави беше потенцирана тогашната СССР.

**Јакнење на украинскиот идентит**

Процесот на дерусификацијата го поттикна украинскиот народ да го изгради својот идентитет околу својата историја, култура и јазик.

Во советскиот период тие беа маргинализирани, но и по три децении на украинската независност, не успеаја да произведат ефективни стратегии за популаризација на украинскиот идентитет, а во исто време многу граѓани се под влијание на наративот за супериорноста на руската култура.

По распадот на Советскиот Сојуз, Украина помина низ неколку фази на градење на својот нов, постсоветски идентитет. Првата, единствена делумна фаза на демонтирање на комунистичкото наследство дојде во 1990-тите години на минатиот век. Тогаш беа воспоставени државните симболи, дел од советските споменици беа отстранети, а комунистичката идеологија беше исфрлена од наставните програми на училиштата и универзитетите. Таканаречената Портокалова револуција во Украина во 2004 година беше првото масовно народно востание по независноста ипретставува период на свесно создавање на украинскиот идентитет. Државата ја засили својата политика на сеќавање во чест на настани и личности кои беа замолчени за време на советскиот период, особено за периодот на Големата глад. На многу лидери од времето на Втората светска војна им беше доделена титулата Херој на Украина.Русија и Украина долг период се спорат околу митовите за хероите кои се бореле против нацистичка Германија во времето на Втората светска војна. Станува збор за најмалку 25 лидери кои успеваат да ги поразат и оневозможат во напредување тенковските единици на Хитлер. Русија инсистира дека тоа се руски херои бидејќи Украина во тој период е дел од СССР, но фактите укажуваат дека тоа се Украинци кои од една страна се против идејата Украина да биде дел од СССР, но од друга страна активно и успешно се спротивставуваат на силите на нацистичка Германија. (Zita Ballinger Fletcher, 2022, Ian Garner, 2022)Во 2006 година е основанУкраинскиот институт за национална меморија, кој претставува институционален механизам за спроведување на владината визија за политиката на меморијата.

Со руската анексија на Крим и војната во регионот на Донбасукраинските власти започнаа сеопфатен напор запромовирање на украинскиот како официјален јазик, негување на историски традицииво образовните институции, независност на земјата од Русија во религиозна димензија и создавање на автокефалнаПравославната црква на Украина во 2018 година. Овие политики, заедно со јавната мобилизација предизвикана од потребата да се спротивстави на агресорот, го забрзаа формирањето на политичка нација составена од граѓани од различни националности кои декларираа припадност кон украинската држава.

Како резултат на нивниот ефективен отпор, украинскиот народ почна да се осврнува на сопствената историја и народна митологија како извор на храброст, љубов кон слободата и припадност кон Европа. Мнозинството граѓанисметаат дека е важно да се негува историската меморија и слоганот „Слава на Украина – слава на хероите“ од Втората светска војна, кој стана вообичаен поздрав во медиумите и политичката сфера. Институциите, невладините организации, активистите и

уметниците ги засилија своите активности за популаризација на украинската историја, симболии културни достигнувања: Националната опера на Украина ја прогласи 2023 година за година на украинската музика, а покрај државните институции, универзитетите, приватните уметнички галерии и индивидуалните уметници организираат различни уметнички, културни и историски проекти бидејќи го капитализираат интересот за Украина во странство. (Інтерфакс-Україна, 2023)

Обемот и бруталноста на руската инвазија, исто така, го поттикна украинскиот народ да го јакне сопствениот идентитет како прашање на национална безбедност. Несигурната природа на украинскиот идентитеткако и недовербата во државата и нејзините институции се делод факторите кои ја олеснија доминацијата на Русија над Украина.

Војната го поттикна украинскиот народ за мобилизирање на општеството, а омразата кон Русија ја забрза укранизацијата на лингвистички план. Огромен број Украинци кои претходно секојдневно зборувале руски јазик, по 24 февруари 2022 годинаго користат украинскиотјазик во јавната комуникација и во приватниот живот.Овие процеси биле забележани и по настаните во 2014 година, но тековната војна им даде дополнителен моќен целосен поттик.Овој тренд, иако претставува тешкотија за голем број луѓе и предизвикува тензии во семејствата, е неповратен бидејќи најмладите генерации веќе течно зборуваат украински јазик. Употребата на државниот украински јазик во јавните институции, на официјалните состаноци и прослави беше регулиран со закон кој често беше прекршуван, денес максимално се употребува и ја илустрира генералната промената на ставовите.Убедувањето дека е неопходно да се изгради нов, идентитет кој нема да биде ни близу до советскиот или рускиот, заснован на украинската историја, нејзиниот јазик и култура, идентитет кој ќе обединува различни општествени групи.Сепак, постојат одредени критики и несогласувања околу степенот и темпото на дерусификација во поединечни сфери.

Затекнатите страшни воени услови доведоа до многу поголемо вклучување на јавноста во иницијативите за одбрана на земјата и јакнење на нејзината стабилност. Граѓаните, невладините организации и структурите на локалната власт покажаа огромен потенцијал за самоорганизирање, вклучување во борбени операции и помош на армијата. Многу доброволци, вклучително и оние кои се враќаат од странство, самоиницијативно се упатуваат на фронтот.Сепак, овие кампањи не би биле можни без мобилизација на целото општество кое и покрај неговото осиромашување, максимално придонесува заподдршката на украинската војска.

Периодот поминат во борбени дејства и воени околности беше време на консолидација на украинската влада и зголемената доверба во државата, но и очекувањата дека лидерите ќе обезбедат ефикасна одбрана на земјата, ќе спроведат системски реформи и ќе ја искоренат корупцијата, која пактреба да го отвори патот за членство на Украина во ЕУ.

Руската инвазија на Украина помогна да се забрза и заврши процесот на трансформација на украинскиот идентитетот и обликувањето на нацијата. Изминатите години поминати во војна, проследена со сеопфатна дерусификација на животот во сите сфери, го забрза свртувањето на Украинците кон нивната родна историја, култура, јазик и симболи, гледани како дел од поширокиот европски контекст. Овие трендови се присутни постојано и го консолидираа огромното мнозинство на Украинци без оглед во кој регионживеат, на која возраст се и на кој јазик комуницираат. Кај украинскиот народ се случува деколонизација, отфрлајќи ја вербата во руската надмоќ и во културните врски што ги поврзуваат двата народи. Сепак, за сето ова тие плаќаат висока цена,бидејќи Украина се соочува со демографски пад, економска криза, осиромашување на луѓето ивоена траума.

**Заклучок**

Крајот на Студената војна и улогата на НАТО на европскиот континент одтемел гопромени геополитички пејзаж на модерна Европа. НАТО беше победник во оваа борба, бидејќи ја докажа својата ефикасност и одржливост и овозможи да се стекне со воена и стратешка предност. Беше ставен крај на трката во вооружување, што значително ја зајакна воената безбедност на земјитечленки на Алијансата. На крајот резултат беше склучувањето на договори во областа на контролата на конвенционалното вооружување и транспарентноста во воената сфера. На овој начин се создаде меѓународно правен механизам за одржување на воено-стратешка стабилност и воена безбедност во Европа. НАТО беше во предност поради намалување на заканата од Исток. Со намалување на заканата од Исток се доведе до прашање надворешната одбранбена функција на НАТО. Новата геополитичкасостојба бараше нови пристапи за остварување на внатрешните функции на Алијансата. Најверојатно, Украина ќе ја одигра клучната улога во реализацијата на оваа задачи којашто се однесува на европската безбедност, со која се соочува НАТО во Европа. Специфичното партнерство помеѓу НАТО и Украина, укажува на тоа дека заеднички ќесе решаваат задачите наевропската безбедност. НАТО нема да се откаже од поддршката за Украина преку која смета на постигнување стабилност во источно-европските и црноморските подрегиони. Украина со својата геополитичка локација можеше да има стабилизирачки ефект врз кавкаските и црноморските региони, Белорусија, Русија, Молдавија и европскиот дел од минатиот советски простор. Меѓутоа, развојот на настаните во овие региони придонесе овие зони да станат зони на ривалство меѓу НАТО и Русија. Русија свесно го намали своето влијание во Централна Европа, и ги концентрираше своите напори на одржување на целосна контрола врз делот од поранешниот советски простор. Повеќе од очигледно е дека безбедноста на Централна и Западна Европа, не може да биде стабилна ако Источна Европа е дестабилизирана.

Можноста војната во Украина да ескалира и да дојде до судир помеѓу НАТО и Русија е реална. За да се стави крај на конфликтот, во кој двете страни Русија и Украина имаат дијаметрално спортивни интереси, потребно е или едната страна да капитулира (што бараем засега е невозможно) или пак мирот да се постигне преку преговори кои би ги водела трета моќна, но независна страна (освен Кина, која барем засега не покажува сериозен интерес оваа војна да прекине, таква држава или трет меѓународен актер нема капацитет). Согласно со објаснетото, конфликтот ќе трае, а во зависност од воените сретства кои ќе бидат употребени во конфликтот, можноста од ескалација на конфликтот постои.

Што се однесува до членстото  на Украина во НАТО, засега, Украина не ги исполнува голем дел критериумите што ги бара НАТО. Таа нема ниту економски, ниту финансиски капацитети да го реализира својот придонес во колективната одбрана и безбедност на Алијансата, а за да ја исполни таа цел треба енормно да го зголеми буџетот за одбрана. Затоа, одговорот лежи во самото „специфичното партнерство" на Украина и НАТО и воведувањето на земјата во евроатлантската безбедносна структура. Доколку проширувањето на НАТО е со намера да се обезбеди безбедност и да се зајакнат младите демократии во земјите од Источна Европа, тогаш Украина е на врвот на листата, бидејќи има најголем недостаток на безбедност и демократија.

Реално гледано за да се процени длабочината и трајноста на општествените промени што се случуваат во Украина потребно е да завршат воените операции и мобилизацијата. Голем број фактори ќе влијаат врз стабилноста на Украина: економски (обнова на земјата, создавање работни места и обезбедување услови за живот идомување), социјални и општествени (демографскиот пад и трауми од војната) и политички (владината политика во области на јазикот, историјата и меморијата), но и меѓународниот контекст, односно шансите за вистинска интеграција со ЕУ. Очигледно е дека војната ќе потрае, со можност запојава на нови социјални поделби, а процесите на градење идентитет, иако водени од пресвртни точки во историјата, се инхерентно долгорочни и флуктуирачки.

Во исто време, секој од овиенастани и последователни генерациски промени постојано ја повлекуваа Украина подалеку од нејзиното советско минато и од самата Русија. Јасната определба на Украина за постепено измолкнување од постсоветската зона контролирана од Москва беше една од причините за последователните фази на руската инвазија. Москва е во обид повторно да ја освои земјата и да го попречи нејзиниот евроатлантски курс. Спротивно на намерите на агресорот, украинската држава и општество беа поттикнати да продолжат со промените и да го консолидираат украинскиот идентитет. Враќањето во предвоената состојба на односите со Русија е невозможно, а ниту пак Украинците ќе се откажат од афирмацијата на сопствениот идентитет.

И покрај тоа што моќта на Русија де факто е намалена,а санкциите го забавија и намалија нејзиниот економскиот раст без да предизвикаа промениво однесувањето на руската надворешна политика, Москва сепак успева ситуацијата во Украина на некој начин да ја држи во статус кво. Доколку конфликтот ескалира тој хоризонтално ќе биде насочен кон украинските вооружени сили и цивилите, со проширување на конфликтот со вклучување на други актери конкретно САД и НАТО. Оваа претпоставка претставува најсериозна дилема за креаторите на политиките во ЕУ и во САД, кои се обидуваат да ѝ помогнат на Украина, а истовремено да избегнатпочеток на една големавојна.

**ЛИТЕРАТУРА**


1. Steven Pifer, (2017). The Eagle and the Trident: U.S.-Ukraine Relations in Turbulent Times, Washington, DC: Brookings Institution
2. NATO, (1995). Study on NATO Enlargement
3. NATO, (1997). Founding Act on Mutual Relations, Cooperation and Security between NATO and the Russian Federation signed in Paris, France
4. Andrew E. Kramer, (2008). Russia Claims Its Sphere of Influence in the World, New York Times
5. NATO, (2020). NATO recognizes Ukraine as Enhanced Opportunities Partner
6. NATO, (1949). The North Atlantic Treaty
7. Oxana Schmies, (2021). NATO's Enlargement and Russia, Columbia University Press, Verlag
8. James W. Morrison, (1995). NATO Expansion and alternative Future Security Alignments, National Defense University Mc Nair Paper 40. Washington DC
9. NATO, (1999). Review, The Alliance's Strategic Concept
10. Richard L. Kugler,(1996). Enlarging NATO: the Russia Factor, National Defense
11. Research Institute, RAND
12. NATO review, (1999). „An Alliance for the 21st Century. Washington Summit Communique"
13. NATO,(1998). Office of information and Press, The NATO Handbook 50th Anniversary Edition, Brussel
14. Sindy Wittke (2019) „The Minsk Agreements – more than "scraps of paper"
15. Інтерфакс-Україна, (2023). 7 February, interfax.com. ua. Galleries and museums are organising exhibitions and debates on Ukrainian culture